МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 16-з став (5) од Законот за квалитетот на земјоделските производи, („Службен весник на Република Македонија“ бр.140/10, 53/11, 55/12 и 106/13) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАСЦИТЕ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА МЕСЕЧНИ ИЗВЕШТАИ И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СКЛАДИРАНИТЕ БРАШНА

## Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на обрасците за поднесување на месечни извештаи и годишен извештај за складираните брашна.

## Член 2

(1) Месечните извештаи за складираните брашна се доставуваат во А4 формат во бела боја.

(2) Месечните извештаи од став (1) на овој член содржат податоци за седиштето на операторот (адреса, регион односно подрачје), локација на силосот односно магацинот, количини на преодни залихи пренесени од претходниот месец, преземени и испорачани количини по видови и типови и залихи на крајот на месецот, како и складирани количини на брашна по типови, број и големина на пакувања.

(3) Формата и содржината на месечните извештаи од став (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

(1) Годишниот извештај за складираните брашна се доставува во А4 формат во бела боја.

(2) Годишниот извештај од став (1) на овој член содржи податоци за седиштето на операторот (адреса, регион односно подрачје), локација на силосот односно магацинот, вкупни количини на

залихи од претходната година, преземени и испорачани количини, како и складирани количини на брашна по типови, број и големина на пакувања.

(3) Формата и содржината на годишниот извештај од став (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.02-346/3
17 јануари 2014 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство.
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1

Извештај за месец ____________________

Назив на операторот со брашно_____________________________________________________________

Седиште на операторот (адреса, регион односно подрачје)_____________________________________

Локација на силосот односно магацинот ______________________

| Тип на брашно | Број на пакува ња | Испорачани количини (прозведени и/или увезени) Во тони | | | Количина на преодни залихи пренесени од претходниот месец | | | Залихи на крај на месецот | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Произве-дени | Увезени | Вкупно Во тони | Од сопствено производ-ство | Од увоз | Вкупно Во тони | Од сопствено производ-ство | Од увоз | Вкупно Во тони |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

Дата

_________

МП

Потпис на одговорното

лице во правното лице

____________________

Прилог 2

Извештај за ________ година

Назив на операторот со брашно____________________

Седиште на операторот (адреса, регион односно подрачје)_____________________________________

Локација на силосот односно магацинот ____________________________________________________

| Тип на брашно | Број на пакува ња | Испорачани количини (прозведени и/или увезени) Во тони | | | Вкупна количина на залихи за 12 месеци од претходната година | | | Складирани количини Брашно во моментот на поднесување на извештајот (во тони) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Произве-дени | Увезени | Вкупно Во тони | Од Производ ство | Од увоз | Вкупно Во тони | Од Производ ство | Од увоз | Вкупно Во тони |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |

Дата

_________

МП

Потпис на одговорното

лице во правното лице

____________________